**АГЕНЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ**

Агенција за Остварување
на Правата на Заедниците

**НАСЛОВ: „ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ ЗА 2015 ГОДИНА"**

**ПОТПИС**

**ДИРЕКТОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ**

**ВЕСНА БАБИЌ – ПЕТРОВСКИ**

----------------------------------------------

**Скопје, Март 2016**

**1. Осврт по материјалот:**

Доставување на Извештај за работата на Агенцијата за остварување на правата на заедниците за 2015 година

**2. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства:**

Побарани мислења од: Секретаријат за законодавство, Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор и Министерство за финансии.

**3. Разгледани можни решенија:**

Врз основа на член 12 став 2 од Законот за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во РМ (Службен Весник на РМ бр. 92/2008), Директорот поднесува извештај за работата на Агенцијата до Владата најмалку еднаш годишно до 31 март во тековната година за претходната година.

**4. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации:**

**5. Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија (во прилог):**

**6. Решение кое се препорачува (со образложение):**

Владата го разгледа и усвои Извештајот за работата на Агенцијата за остварување на правата на заедниците за 2015 година.

**7. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:**

Нема фискални импликации.

**8. Очекувани влијанија:**

Подобрена имплементација на правата на заедниците во Република Македонија

**9. Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот:**

**10. Клучни елементи за информирање на јавноста:**

Веднаш по усвојувањето, Извештајот за работа на Агенцијата за остварување на правата на заедниците за 2015 година ќе биде објавен на веб страницата на Агенцијата.

Агенција за Остварување
на Правата на Заедниците

**„ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ ЗА 2015 ГОДИНА“**

Скопје, Март 2016

## 1. ВОВЕД

Агенцијата за остварување на правата на заедниците е основана со Закон за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во РМ (Службен весник на РМ бр.92/08 од 22.јули 2008 год) заради следење на остварувањето и унапредувањето, заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% и надзор над спроведувањето на одредбите на законите со кои се утврдени тие права.

Агенцијата за остварување на правата на заедниците е самостоен орган на државната управа во својство на правно лице со седиште во Скопје, чии основни надлежности се остварување и унапредување на правата на заедниците од областа на вработувањето, согласно со принципот на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците, употреба на јазикот, образование (основно, средно и високо), културата и други области во кои со закон се утврдени правата на припадниците на заедниците.

Агенцијата својата надлежност ја спроведува врз основа на начелата на законитост, транспарентност, еднаквост, одговорност и правичност.

Во согласност со член 12 став 2 од Законот за унапредување и заштита на правата на заедниците кои се помалку од 20% од населението во РМ, Директорот на Агенцијата го поднесува следниот извештајот за работа:

- Проектни активности
- Соработка и работа во комисии
- Меморандуми за соработка
- Извештај за учество на вработените на обуки
- Извештај за спроведени јавни набавки
- Извештај за спроведена постапка за вработување
- Финансиско работење на Агенцијата за 2015 година

## 2. ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

Агенцијата за остварување на правата на заедниците во текот на 2015 година ги реализираше следните проектни активности:

### *2.1 ЕФЕКТИВНО ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ*

Агенцијата за остварување на правата на заедниците во текот на 2015 година го реализира Проектот **„Ефективно остварување на правата на заедниците“** финансиски поддржан од Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Целта на проектот беше јакнење на улогата на Агенцијата за остварување на правата на заедниците во имплементација на домашните и меѓународните стандарди на полето на унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците во Македонија . Во рамките на проектот се реализираа следните активности:

#### *2.1.1 Измена и дополнување на Законот за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија*

- Публикуван е Извештајот од оценката за спроведување (ex-post евалуација) на Законот за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија изготвен во 2014 година.
- Изготвени предлог - измени и дополнувања на Законот за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија. За таа цел беа ангажирани експерти и органзирани четири работни сесии за изготвување на насоки и предлог измени и дополнувања на Законот за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија во која зедоа учество релевантни институции и претставници од граѓански здруженија на заедниците.

### *2.1.2. Изготвување на Акциски план за имплементација на Законот за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија. За таа цела беа одржани:*

- Работилница за изготвување на Акцискиот план за ефикасно спроведување на Законот за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија.
- Дводневна обука на тема ***„Креирање на политики и законодавен процес"*** која беше наменета за членовите на работната група за изготвување на Акциски план. Работната група беше составена од 15 претставници на релевантни органи на државната управа и претставници на граѓанските здруженија од заедниците.
- Акциски план ќе биде целосно изготвен и доставен до Владата на РМ, по законските измени и дополнувања, односно во текот на 2016 година

### *2.1.2 Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за остварување на правата на заедниците*

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" број 27/2014 и 199/2014), директорот на Агенцијата за остварување на правата на заедниците донесе Правилник за систематизација на работните места и Правилник на внатрешна организација на Агенцијата за остварување на правата на заедниците (кој влезе во сила на 14.09.2015 година). Во новиот правилник се формират следните организациски единици:

Во рамките на секторот за следење на остварувањето, унапредувањето, заштитата и промоција на правата на припадниците на заедниците, се следните одделенија:

- Одделение за следење на остварување, унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците; и
- Одделение за усогласување и координација на работата на органите на државната управа и промоција на правата на заедниците;

Останати одделенија:

- Одделение за стручно-административни и општи работи
- Одделение за управување со човечки ресурси и
- Одделение за финансиски прашања.

За изготвување на Правилникот за систематизација на работните места и Правилникот на внатрешна организација на Агенцијата за остварување на правата на заедниците со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје беше ангажиран експерт за изработка на истите.

За зајакнување на капицитетите на вработените, во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје и МЦМС беше организирана дводневна обука на тема: ***„Тимска работа, стратешко управување, наблудување и оценка, застапување и лобирање“.***

## *2.1.3 Партиципативни форуми на заедниците*

Со финансиска поддршка од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Агенцијата за остварување на правата на заедниците во текот на 2011 година започна со организација на **Партиципативен форум на заедниците.** Мисија на Форумот е унапредување на остварувањето на правата на заедниците преку поголемо учеството на припадниците на заедниците во процесите на креирање на политики и одлучување, како и размена на позитивни искуства и практики во областа на унапредување и заштита на правата на заедниците. Форумот се состои од 35 членови и во форумите учествуваат претставници на граѓанските организации од заедниците, претставници од релевантните институции во РМ, истакнати претставници на заедниците како и претставници на меѓународни организации во својство на набљудувачи.

- Во текот на 2015 година реализирани се четири партиципативни форуми со сите засегнати страни (граѓански организации, релевантни институции, меѓународни организации) на следните теми:

- ***„Сесија за планирање за членовите на Партиципативниот форум“***
- ***„Мултикултурализам и интеграција на општеството кое почива на различности“***
- ***„Примена на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства“.***
- ***„Унапредување на законската и институционална рамка за остварување на правата на заедниците***

За потребите на горенаведените форуми беа изготвени следните експертски анализи:

- ***Мултикултурализам и општествена интеграција***
- ***Анализата за надзор во законодавството на Република Македонија, со посебен осврт на надзорната функција на Агенцијата***
- ***Компаративен преглед на правната и институционалната рамка за заштита на правата на припадниците на заедниците во Европа***

### *2.1.4 Зајакнување на капацитетите на граѓанските организации на заедниците*

Во 2015 година беа организирани обуки за граѓанските здруженија од заедниците, со цел зајакнување на нивните капацитети. Беа спроведени следните дводневни обуки:

- *Стратешко планирање*
- *Основи на раководење со проекти*
- *Демократското управување, застапување на интересите и ангажирање на потенцијалите на членството.*

Горенаведените обуки беа испорачани од страна на МЦМС (Македонски центар за меѓународна соработка) а на истите учествуваа вкупно 34 претставници на здруженијата на граѓани.

### *2.1.5 Промотивни активности*

Агенцијата за остварување на правата на заедниците во пет општини организира јавна трибина и средба со граѓани со цел запознавање на припадниците на заедниците, членовите на комисиите за односи меѓу заедниците, претставниците на советите на општините и поширокатa јавност со работата на Агенцијата, како и зајакнување на соработката помеѓу институциите од централно ниво со локалната самоуправа и граѓанскиот сектор.

### *2.1.6 Конференција „Унапредување на правата на заедниците и меѓукултурниот дијалог на локално ниво“*

Агенцијата за остварување на правата на заедниците организираше конференција на тема ***„Унапредување на правата на заедниците и меѓукултурниот дијалог на локално ниво“.*** Целта на конференцијата беше подобрување на соработката на Агенцијата за остварување на правата на заедниците со локалната власт, во насока на изразување и негување на етничкиот, културниот и јазичкиот идентитет на заедниците и унапредување на меѓукултурниот дијалог и взаемното почитување и разбирање. На истата присуствуваа градоначалници, советници на совети на општини, членови на комисиите за односи меѓу заедниците, општинската администрација и представници на здруженија на граѓани од задниците.

## *2.2 АНАЛИЗА ЗА СОСТОЈБИТЕ СО СООДВЕТНА И ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНО НИВО ЗА 2014 ГОДИНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

Во согласност со член 12 став 2 од Законот за унапредување и заштита на правата на заедниците кои се помалку од 20% од населението во РМ, Агенцијата изготви анализа за соодветна и правична застапеност во единиците на локална сампуправа во Р. Македонија за 2014 година. Во анализата се користеа податоците од Народниот правобранител, Министерството за информатичко општество и администрација и сопствени податоци од теренско работење на Агенцијата, како и пописот на населението од 2002 година изготвен од страна на Заводот за статистика на РМ. Вкупно беа анализирани **76 општини** на територијата на Република Македонија. Главниот заклучок е дека во најголем број од општините, речиси 56, начелото на правична застапеност не е применето. Како најмалку застапени заедници во однос на нивниот процент се припадниците на ромската и турската заедница. Исто така 13 општини претставуваат позитивни примери, односно начелото за правична застапеност е применето дури и во поголем процент во однос на присутноста на одредена заедница во таа општина.

## *3. СОРАБОТКА И РАБОТА ВО КОМИСИИ*

3.1 Агенцијата за остварување на правата на заедниците активно учествува во работата на **Меѓуресорското тело за човекови права со кое раководи Министерството за надворешни работи.**

3.2 **Агенцијата за остварување на правата на заедниците и Министерството за локална самоуправа, се институционален партнери за логистичка помош во реализација на задачите на проектот** на Европската унија и Советот на Европа „Унапредување на човековите права и заштита на малцинствата во Југоисточна Европа“.

3.3 Агенцијата за остварување на правата на заедниците учествува во изработка на **Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2016 – 2020** чиј носител е Министерството за труд и социјална политика.

**3.4** По повод Меѓународен ден на толеранција беше организирана Конференција на тема ***„Мултикултарлизмот и толеранцијата – миграциите и предизвиците на социјалната интеграција“***од страна на Македонската академија на науките и уметностите, каде што Агенцијата за остварување на правата на заедниците зема активно учество.

## *4. МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА*

4.1 Потпишан е Меморандум за соработка помеѓу **Агенцијата за остварување на правата за заедниците и Мисијата на ОБСЕ во Р.Македонија за 2015 година**. Цел на Меморандумот е реализација на **проектот „ Ефективно остварување на правата на заедниците “** финаниски поддржан од Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

## *5. ИЗВЕШТАЈ ЗА УЧЕСТВО НА ВРАБОТЕНИТЕ НА ОБУКИ*

Во текот на 2015 година вработените во Агенцијата за остварување на правата на заедниците учествуваа на следниве обуки:

**„Подготовкиа на акти за внатрешна организација и систематизација на работните места со користење на каталогот на работни места во јавниот сектор“**– организирана од страна на Министерство за информатичко општесво и администрација. На оваа обука присуствуваше еден државен службеник.

**„Обука за одржување на Веб-сајтот во АОПЗ“** – организиран од АОПЗ и ОБСЕ. На ова обука присуствуваа четири државни службеници.

**„Обука за запознавање на новите закони во јавната администрација“** – организиран од Одделението за човечки ресурси во Агенцијата за остварување на правата на заедниците. На ова обука присуствуваа дванаесет државни службеници.

**„Работилница за презентација на стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата на Република Македонија“**- организирана од страна на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија. На оваа обука присуствуваа двајца државни службеници.

**„Работилница од областа на стратешкото планирање“**- организирана од страна на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија. На оваа обука присуствуваа пет државни службеници.

**„Специјализирана Обука од областа на стратешкото планирање“** - организирана од страна на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија. На оваа обука присуствуваа тринаесет државни службеници.

**„Обука за обучувачи за Менторство“** - организирана од страна на Министерството за информатичко општество и администрација. На оваа обука присуствуваа тројца државни службеници.

**„Обука за користење на Информациониот систем за управување со човечки ресурси“** - организирана од страна на Министерство за информатичко општесво и администрација. На оваа обука присуствуваше еден државен службеник.

**„Мултиплатформски систем за колаборација за е-седница“** - организирана од страна на Министерството за информатичко општество и администрација. На оваа обука присуствуваше еден државен службеник.

**„ Тимска работа, стратешко управување, наблудувањеи оценка, застапување и лобирање“** – организирана од страна на ОБСЕ и МЦМС. На ова обука присуствуваа дванаесет државни службеници.

**„Демократско управување, застапување на интересите и ангажирање на потенцијалите за членство“** – организирана од страна на ОБСЕ и МЦМС. На ова обука присуствуваше еден државен службеник.

.

**„Семинар за членовите на Експертската работна група на меѓуресорското тело за човекови права“**- организиран од страна на Министерство за надворешни работи. На овој семинар присуствуваше еден државен службеник

**„Запознавање со новите закони во јавна администрација“** - организирана од страна на Министерството за информатичко општество и администрација. На оваа обука присуствуваше еден државен службеник.

**„Достапна администрација за лица со хендикеп“ –** организирана од страна на Министерство за труд и социјална политика. На ова обука присуствуваше еден државен службеник.

## *6. ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДЕНИ ЈАВНИ НАБАВКИ*

Во Агенцијата за остварување на правата на заедниците во текот на 2015 година се спроведе постапка за јавна набавка со објавување на оглас во ЕСЈН согласно член 100, 101 и 102 од Законот за јавни набавки (постапка со барање за прибирање на понуди) и тоа набавка на **компјутерска опрема** во висина од 55 808,00 денари со пресметан ДДВ од 5% и 18%.

## *7. ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДЕНА ПОСТАПКА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ*

Во текот на 2015 година Агенцијата за остварување на правата на заедниците заврши со целосно превземање на еден државен службеник од Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор.

## *8.* ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Средствата за извршување на функцијата на Агенцијата за остварување на правата на заедниците се обезбедуваат во Буџетот на Република Македонија, која во 2015 година (со ребаланс) изнесуваше 9.492.000 денари. Средствата во износ од 9.412.000 денари беа планирани за тековни расходи (плати, стоки и услуги и др.), додека 80.000 денари за капитални расходи (за купување на опрема-компјутерска). Буџетот е реализиран со 84 %, односно реализирани се расходи во износ од 7.936.970 денари. Реализацијата на буџетот со 84 % е резултат на реализацијата на платите со 87 % кој во вкупниот буџет на Агенцијата за остварување на правата на заедниците учествува со 81 %. Расходите за стоки и услуги се реализираа со 73 % што се проценува како исклучително совесно користење на средствата и соодветно квалитетно буџетско планирање. Капиталните расходи се реализираа со 70 %, како резултат на добивање на пониски набавни цени на опремата по пат на е-аукции на јавната набавка. Подолу е даден табеларен и графички приказ на расходите во 2015 година.

| БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ од 01.01.2015 до 31.12.2015 година (во мкд) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Р.бр.** | **О п и с** | **Реализација** | **Буџет (ребаланс)** | **% на реализација** |
| | **РАСХОДИ (вкупно)** | **7,936,970** | **9,492,000** | **84%** |
| **1** | **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | **7,881,162** | **9,412,000** | 84% |
| **1.1** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **6,426,474** | **7,417,000** | 87% |
| **1.2** | **РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | **0** | **0** | |
| **1.3** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **1,424,688** | **1,965,000** | 73% |
| 1.3.1 | Патни дневни расходи | 3,361 | 30,000 | 11% |
| 1.3.2 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 727,621 | 1,150,000 | 63% |
| 1.3.3 | Материјали и ситен инветар | 62,408 | 50,000 | 125% |
| 1.3.4 | Поправки и тековно одржување | 88,505 | 90,000 | 98% |
| 1.3.5 | Договорни услуги | 523,172 | 620,000 | 84% |
| 1.3.6 | Други тековни расходи | 19,621 | 25,000 | 78% |
| 1.3.7 | Привремени вработувања | 0 | 0 | |
| **1.4** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **30,000** | **30,000** | 100% |
| **2** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **55,808** | **80,000** | 70% |
| 2.1 | Купување на опрема и машини | 55,808 | 80,000 | 70% |
| 2.2 | Градежни објекти | 0 | 0 | |
| 2.3 | Купување на мебел | 0 | 0 | |
| 2.4 | Вложувања и нефинансиски средства | 0 | 0 | |
| | **ПРИХОДИ** | **7,936,970** | | |
| **1** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **7,936,970** | | |
| 1.1 | Трансфери од други нивоа на власт | 7,936,970 | | |
| 1.2 | Донации од странство | | | |



РАСХОДИ во 2015 година
0.4%
0.7%
18%
0%
81%
ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ
РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ
СТОКИ И УСЛУГИ
СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ
КАПИТАЛНИ РАСХОДИ




Буџет 2015, реализација
10,000,000
8,000,000
6,000,000
4,000,000
2,000,000
0
МКД
РАСХОДИ (вкупно)
ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ
РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ
СТОКИ И УСЛУГИ
СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ
КАПИТАЛНИ РАСХОДИ
Расходи
Буџет (ребаланс)